Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Архивски број: УП I бр. 25-147
Скопје. .04.2019 година

08 -04- 2019

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп со број УП I бр.25-147 од 20.02.2019 година и Предлогот за овластување за техничка служба со број 1609-184/3 од 15.02.2019 година, доставен од органот за одобрување, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. СЕ ОВЛАСТУВА Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп, да врши работи на техничка служба, во инспекциското место лоцирано на улица Орде Чопела број 183, во Прилеп, при следните постапки:

а)Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T, R, C и S, во врска со:

- Правилникот за единечно одобрување на возило согласно член 2 став 1 и став 3 („Службен весник на Република Македонија"бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и
- Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10).

б)Одобрување на преправено возило од категориите M и N, во врска со:

- Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила согласно член 7 секторски по точка 1 (ТНГ), точка 4 и точка 13 („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/10); и
- Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата.

# О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп до органот за одобрување поднесе барање за донесување на Решение за овластување за вршење на работи на техничка служба.

Органот за одобрување на ден 08.02.2019 година извршил увид во просториите на Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп, лоцирани на на улица Орде Чопела број 183, во Прилеп, по што до Министерството за економија, достави Предлогот за овластување за техничка служба со број 1609-184/3 од 15.02.2019 година.

Заедно со Предлогот за овластување за техничка служба, органот за одобрување ја достави и целокупната документација што Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп ја приложило кон барањето, а која содржи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр. ИТ-110 од 01.02.2019 година со важност до 31.01.2023 година и неговиот Прилог издаден на 01.02.2019 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Известување за вработените од АВТО КОНТРОЛ- СЕРВИС увоз –извоз ДООЕЛ Прилеп кои учествуваа во надзорното оценување за проширување на опсегот на регистрација бр.08-57/3 од 01.02.2019 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од Централниот регистар на Република Македонија - трговски регистар и регистарот на други правни лица, со деловоден бр.0805-50/150520190000600 од 01.02.2019 година;
- Доказ за сопствен деловен простор, имотен лист број 3906 ПРЕПИС Катастарска Општина: Варош, издаден од Агенција за катастар на недвижности бр. 1105-2906/2019 од 01.02.2019 година;
- Доказ за за техничка опременост-список на опрема наведена во Извештај бр. 7/2018 од 09.02.2018 и Извештај бр. 36/2018 од 21.09.2018 и Изјава од управителот Даниела Перканоска за поседување на деловен простор и опрема бр.0102/1/19 од 04.02.2019 година;
- Информација за економско финансиската состојба со 2017 година, број 0905-22/3 од 04.02.2019 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;
- Доказ за склучен договор за осигурување од професионална одговорност од дејност со ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ, полиса бр. 130160000367/00 со важност до 19.09.2019 година;
- Доказ за вработени (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручно образование за вработените:
    1. Спасе Трајкоски, дипл.маш.инж. насока механизациони машини и возила;
    2. Лепа Атанасова, дипл.маш.инж. насока транспорт механизација и логистика;
    3. Никола Чаушевски, дипл.маш.инж. насока механизациони машини и возила;

Комисијата изврши увид во доставената документација и согласно одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата и Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, утврди дека барањето на Друштвото за производство, промет и услуги АВТО КОНТРОЛ-СЕРВИС увоз–извоз ДООЕЛ Прилеп е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Комисија во состав:
Нериман Џеладини, претседател
Пеце Андоноски, член
Марика Илијевска, член